

# Cycle4Europe

Скопје - Варберг (5. Септември – 19. Септември 2019)

# Придружете се на нашата иницијатива да помогнете на заборавената Европа

LOZA FOUNDATION





# Што е Cycle4Europe

Во Септември 2019 Cycle4Europe велоспипедската тура ќе се одржи по прв пат. Настанот ќе биде предводен од светскиот шампион Jonas Colting, кој заедно со другите велосипедисти за време од две недели, ќе вози низ некои од најсиромашните Европски земји со цел да се подигне јавната свест за највулнерабилните лица во Европа.

Рутата има 2500 километри, со почеток во Скопје, Република Северна Македонија, а продолжува низ Косово, Босна и Херцеговина, па понатаму низ други Европски земји, а финална дестинација е Варберг (Шведска).

- „Целиот настан е со цел подигнување на јавната свест за најмаргинализираните лица во Европа и преку истиот ќе бидат собрани финансиски средства за да може да им се помогне на истите“ – вели Сабина Грубесон од Лоза Фондацијата, иницијатор на настанот.

Поединци и компании се добредојдени да партиципираат во настанот, со можност да се приклучат со возење на одреден дел од рутата, со спонзорства на настанот, или со земање на активно учество во организација на истиот.

## За што ќе ги искористи собраните средства Лоза Фондацијата

Лоза Фондацијата презема активности во корист на највулнерабилните лица кои живеат во најсиромашните земји во Европа. Досегашните проекти реализирани од Лоза Фондацијата беа наменети за целни групи деца, младинци и возрасни со попреченост и со хронични болести, како и жени кои беа погодени од војните на територија на некогашната СФРЈ и сеуште живеат во исклучително неповолни услови. Актуелно Фондацијата реализира проекти во Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина наменети за лицата кои живеат институционално, а се подготвуваат за деинституционализација. Собраните финансиски средства од Cycle4Europe ќе се искористат согласно приоритетите и потребите и ќе бидат наменети за оние лица од целната група на Фондацијата, на кои најмногу ќе им бидат потребни.

# Придонесете за одржлив социјален развој на Европа



# ЕВРОПА СПОНЗОР (100 000 ШВЕДСКИ КРУНИ)

Со донација од 100 000 Шведски круни, Лоза Фондацијата има можност за отпочнување со работа во некоја нова заемја или регион во Европа. Во домовите и институциите наменети за институционална грижа за деца или возрасни, условите во кои живеат овие лица се крајно лоши, без да се почитуваат нивните основни човекови права. Со тоа што ќе станете спонзор, вие ќе овозможите Лоза Фондацијата да допре до лицата кои се заборавени од сите. Со донација од 100,000 Шведски круни, Фондацијата може да помогне на најранливите лица од Молдавија, или Косово, земји кои според Индексот на човечки развој на Обединетите нации имаат најлош индекс на здравје и добросостојба.

СО ДОНАЦИЈА ОД 100,000 ШВЕДСКИ КРУНИ, ВАШАТАКОМПАНИЈАГОДОБИВАСЛЕДНОВО:
- Почетна позиција во велосипедкиот настан;
- Директно подучување од страна на Jonas Colting и Sabina Grubbeson;
- Соопштение за медиумите;
- Дел од рутата да се именува според Вашата компанија;
- Лого на Вашата компанија ставено на придружните возила;
- Лого на Вашата компанија на официјалната веб-страница на настанот;
- Спонзор диплома;
- Банер.

# ЗЛАТЕН СПОНЗОР (50 000 ШВЕДСКИ КРУНИ)

Со донација од 50 000 Шведски круни, придонесувате да се задоволат основните потреби на најранливите лица во Европа. Како Златен спонзор вие овозможувате Лоза Фондацијата да создаде можности за долгорочни позитивни промени за овие лица. Лицата кои имаат одредена попреченост, како слепите, глувите или лицата со други видови попречености се постојано зависни од поддршката кои им ја даваат други лица во задоволување на нивните основни потреби. Вашата донација ќе биде упатена кон овие лица. Со 50 000 Шведски круни, 100 лица ќе добијат облека, обувки, хигиенски препарати и здравствена заштита. За многу луѓе ова значи шанса за подобро здравје и опстанок. Златниот спонзор овозможува зајакнување на основните човекови вредности.

СО ДОНАЦИЈА ОД 50 000 ШВЕДСКИ КРУНИ, ВАШАТАКОМПАНИЈАГОДОБИВАСЛЕДНОВО:
- Соопштение за медиумите;
- Дел од рутата да се именува според Вашата компанија;
- Лого на Вашата компанија ставено на придружните возила;
- Лого на Вашата компанија на официјалната веб-страница на настанот;
- Спонзор диплома;
- Банер.

# СРЕБРЕН СПОНЗОР (25 000 ШВЕДСКИ КРУНИ)

Со донација од 25 000 Шведски круни овозможувате 25 деца без родители и родителска грижа да направат неколку чекори во вистинската насока. Лоза Фондацијата ќе овозможи децата да се вклучат во образование, ќе им помогне да се вклучат во општеството и да почнат да веруваат во себе. Ќе им бидат обезбедени облека, обувки, вклучување во активности и стекнување на знаења за човековите права, што ќе овозможи нивно самозајакнување и обезбедување на можности да го добијат вистинското место во општеството. Сребрениот спонзор обезбедува светла иднина за 25 деца.

СО ДОНАЦИЈА ОД 25 000 ШВЕДСКИ КРУНИ, ВАШАТАКОМПАНИЈАГОДОБИВАСЛЕДНОВО:
- Лого на Вашата компанија ставено на придружните возила;
- Лого на Вашата компанија на официјалната веб-страница на настанот;
- Спонзор диплома;
- Банер.

# БРОНЗЕН СПОНЗОР (10 000 ШВЕДСКИ КРУНИ)

Со донација од 10 000 Шведски круни овозможувате облека, обувки и топли јакни за 10 деца кои живеат во сиромашни услови. Со тоа што бездомните и сиромашните деца ќе добијат облека и обувки, тие ќе можат да одат во училиште и во текот на зимата. Лоза Фондацијата соработува со семејствата на децата со цел да им помогне да се извлечат од состојбата на сиромаштија и да ги информира за нивните човекови права. Како Бронзен спонзор помагате на 10 деца да бидат вклучени во оптеството.

СО ДОНАЦИЈА ОД 10 000 ШВЕДСКИ КРУНИ, ВАШАТАКОМПАНИЈАГОДОБИВАСЛЕДНОВО:
- Лого на Вашата компанија на официјалната веб-страница на настанот;
- Спонзор диплома;
- Банер.

# Бидете дел од најголемата велосипедска авантура – за добра кауза!

Турата опфаќа вкупно 2500 километри и минува низ фантастични предели. Дел од турата е неверојатен предизвик бидејќи се минува низ ридски предели. Турата е поделена на 4 дела од три или четири дена. Во секој дел има по 10 позиции, освен во последниот дел, каде што се надеваме на што поголема масовност. Дел од учесниците во турата ќе бидат од Шведска, но исто така ќе има и учесници од земјите низ кои ќе се вози турата. За време на целата тура, учесниците ќе бидат придружувани од возила со персонал кој се грижи за логистика, храна, пијалоци и помош при потенцијални технички проблеми. Првите и последните денови, Jonas Colting, шест кратниот Светски шампион и Европски шампион и добитник на медали во триатлон, ќе ја вози турата. Со неговото учество во Cycle4Europe тој сака да го афирмира работењето на Лоза Фондацијата која работи во корист на најмаргинализираните луѓе во Европа. Компании и поединци можат да се вклучат преку давање свој придонес во прибирањето на финансиски средства, што е од суштинско значење за организацијата.



-„Ова е мојот начин на помагање. Покрај тоа, ќе биде исклучително интересно и возбудливо да се доживеат овие делови на Европа. Од сопствено искуство знам дека станувате неверојатно блиски со една земја и луѓето што живеат таму, кога ја гледате од седиштето на својот велосипед“ - вели Jonas Colting.

**Сакате да возите еден или повеќе делови од турата??**
Контактирајте го Christian Larsson, Team BEWSynbra. Tel.+46 720774150, Christian.larsson@bewisynbra.com

















ФАЗА 1
5. Септември - Скопје (Република Северна Македонија) – Пеќ (Косово) – 144км (нагоре 1777м, надолу 1521м)
6. Септември – Пеќ (Косово) – Жабљак (Црна Гора) – 189км (нагоре 6668м – надолу 5728м)
7. Септември - Жабљак (Црна Гора) – Сараево, Босна – 169км (нагоре 7064м – надолу 7959м)
8. Септември - Сараево, Босна – ”Ден за социјален одржлив развој”

ФАЗА 2
9. Септември - Сараево, Босна – Бања Лука, Босна – 186км (нагоре 3078м – надолу 3461м)
10. Септември - Бања Лука, Босна – Загреб, Хрватска – 182км (нагоре 1662м – надолу 1699м)
11. Септември - Загреб, Хрватска – Словенија – Грац, Австрија – 181км (нагоре 2056м – надолу 1839м)

ФАЗА 3
12. Септември - Грац, Австрија – Виена, Австрија – 175км (нагоре 2379м – надолу 2538м)
13. Септември – Виена, Австрија – Брно, Чешка - 132км (нагоре 1089м – надолу 1040м)
14. Септември – Брно, Чешка – Прага, Чешка – 214км (нагоре 2175м – надолу 2205м)

ФАЗА 4
15. Септември - Прага, Чешка – Дрезден, Германија – 142км (нагоре 1821м – надолу 1915м)
16. Септември - Дрезден, Германија – Берлин, Германија – 194км (нагоре 1133м – надолу 1205м)
17. Септември - Берлин, Германија – Росток, Германија - 224 km (нагоре 1362м – надолу 1386м)
18. Септември – Телеборг, Шведска – Бастад, Шведска – 140км (нагоре 460м – надолу 454м)
19. Септември - Бастад, Шведска – Варберг, Шведска – 125км (нагоре 219м – надолу 217м).

LOZA
FOUNDATION

ВО КОРИСТ НА НАЈРАНЛИВИТЕ

Лоза Фондацијата е добротворна организација основана во Шведска во 2017 година. Фондацијата работи во корист на најранливите деца и млади, деца без родители и родителска грижа, деца и лица со попреченост од институции, со цел да добијат подобра иднина. Тоа што Cicle4Europe ќе започне од Скопје е симболично затоа што имаме соработка со три институции за деца од Република Северна Македонија. Исто така реализираме и проект за жени и деца што ја преживеале војната во Босна, како и за лица со попреченост со цел да добијат подобри животни ресурси. Добредојдени сте да нѐ контактирате на info@lozafoundation.org или тел. +46 733-213 823.

90 KONTO SVENSK INSAMLINGS KONTROLL

WWW.LOZAFOUNDATION.ORG
IBAN: SE46 5000 0000 0576 6102 0394
BIC: ESSESESS

